Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08- 385/5
Датум: 01.07.2024

Постапувајќи по претставката со бр. 08 - 385/1 од 25.04.2024 поднесена од [redacted] од Кавадарци, со живеалиште во [redacted] против Општина Кавадарци, за сторена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија, бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Општина Кавадарци кон [redacted], во областа на пристап до добра и услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 25.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 - 385/1 од подносителот [redacted] против Општина Кавадарци за заштита од дискриминација во пристапот до бесплатен јавен превоз.

Подносителот во претставката наведува дека е пензионер, со постојано место на живеење во [redacted] Во претставката посочува дека Општина Кавадарци има донесено одлука за бесплатен превоз на пензионерите во општината, за деновите: вторник, четврток, сабота и недела. Подносителот потенцира дека како пензионер, според оваа одлука има право на бесплатен превоз единствено во недела. Согласно неговите тврдења, нему му е потребен бесплатен превоз во работен ден, со цел да може да посети лекар или да обави други административни работи. Поради наведеното подносителот смета дека е дискриминиран.

Врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 07.05.2024 година достави Барање за произнесување по наводите од претставката до Општина Кавадарци.

На 15.05.2024 година до Комисијата беше доставен поднесок за дополнување на претставката. Во поднесокот подносителот истакнува дека проблемот опфатен со претставката ги засега пензионерите од регионот [redacted] кој е составен дел од општина Кавадарци. Односно, пензионерите од [redacted] Подносителот напоменува дека сите овие пензионери се засегнати со проблемот на бесплатниот превоз кој го обезбедува Општина Кавадарци.

На 30.05.2024 година до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по претставката од Општина Кавадарци. Во поднесокот, Општина Кавадарци известува дека Советот на Општина Кавадарци има донесено Одлука со бр. 08 – 7480/26 од 21.12.2023 година, со која општината го субвенционира Јавното претпријатие Градски Превоз Кавадарци да врши бесплатен превоз на пензионерите на територијата на општина Кавадарци, во деновите вторник, четврток, сабота и недела. Воедно, известуваат дека ЈП за превоз на патници Градски Превоз Кавадарци доследно ја почитва Одлуката и врши бесплатен превоз на пензионерите во наведените денови. Во прилог на поднесокот за произнесување беше доставена Одлуката со бр. 08 – 7480/26 од 21.12.2023 година.

Ценејќи ги наводите од претставката, поднесокот за доуредување на претставката и наводите од поднесокот за произнесување, особено имајќи ја предвид Одлуката со бр. 08 – 7480/26 од 21.12.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека подносителот [redacted] не сторил веројатно дека Општина Кавадарци сторила дискриминација кон него во пристапот до бесплатен јавен превоз.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на претпоставениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, тој мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека **токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за разлика од другите.** Воедно, подносителот потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета, во конкретниот случај, според тврдењата на подносителот – пристапот до бесплатен јавен превоз. **Во конкретниот случај, воопшто не е наведена дискриминаторска основа, ниту информации и докази кои упатуваат на нееднаков третман кон подносителот.** За иста, односно споредлива ситуација подносителот не навел ниту компаратор, со кој би го докажал нееднаквиот третман помеѓу него и останати пензионери во пристапот до бесплатниот јавен превоз. Во однос на дејствијата на посочениот дискриминатор – Општина Кавадарци, од поднесокот за произнесување произлегува дека Општината согласно донесената Одлука обезбедила субвенционирање на бесплатниот јавен превоз на пензионерите на територијата на општината за деновите вторник, четврток, сабота и недела во 2024 година. Оттука, бидејќи Општина Кавадарци донела Одлуката и соодветно обезбедување на средства за таа намена подеднакво за сите пензионери, не сторила повреда на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во однос пак конкретно на Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници Градски превоз Кавадарци, Комисијата не најде дека истата содржи дискриминирачка одредба. Тоа од причина што со член 1 од истата е предвидено дека Советот на

Општина Кавадарци одобрил субвенционирање на ЈП за превоз на патници Градски превоз Кавадарци од 500.000,00 денари за овозможување на бесплатен превоз на пензионерите на територијата на Општина Кавадарци во деновите вторник, четврток, сабота и недела, во 2024 година. Од овде произлегува дека одредбата се однесува на подеднакво за сите пензионери на територијата на општината, без исклучок и без посебно предвидени услови.

Во такви услови, не може да стане збор за конкретна повреда на одредено право, а следствено на тоа ниту за дискриминација, како повреда на одредено право врз основа на заштитна карактеристика (дискриминаторска основа).

При така констатирана состојба, **во недостаток на нееднаков третман врз дискриминаторска основа во пристапот до добра и услуги и недостаток на повреда на право не може да стане збор за дискриминација.** Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на Мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Општина Кавадарци врз [redacted] во областа на пристап до добра и услуги.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]
- Општина Кавадарци со седиште на плоштад Маршал Тито б.б, Кавадарци